ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 22-129/9**

**Дата: 20.12.2012**

ДО
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на „Технолошко-металуршки факултет“ – Скопје (во понатамошниот текст ТМФ) на сметката на основен буџет (603) за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ТМФ - сметка на основен буџет на ден 31 декември 2011 година, поради значајноста на прашањата во врска со нецелосно евидентирање на материјалните средства и обврските, како и несоодветно извршен попис на истите, додека за реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на приходи и расходи за 2011 година, ревизијата изрази позитивно мислење. За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Во рамки на утврдените слабости, како позначајни ги наведуваме следните:

- Не е евидентирана целосно набавната вредност на основните средства со кои располага факултетот, ниту настанатите а неплатени обврски во текот и на крајот на годината согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, ниту е извршен целосен попис на материјалните и нематеријални средства;

- Утврдени се слабости и неправилности во изборот на најповолен понудувач кај постапката за јавна набавка со објавување на оглас.

Ревизијата укажа на потребата од целосно и ажурно евидентирање на средствата и обврските во сметководствената евиденција, како и нивно усогласување со фактичката состојба утврдена со попис.
Во постапките за доделување на договори за јавни набавки укажавме на следните работи: при проценката за деливост на набавката да се има предвид специфичноста на јавната набавка од аспект на функционалната и економската оправданост, изборот на најповолен понудувач да се врши согласно утврдените критериуми во тендерската документација и огласот, да се подготвува конечна ранг листа од спроведената евалуација на економските оператори и да се користи електронска аукција во постапката за јавни набавки.

# 1. Вовед

**1.1.** Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на Технолошко-металуршки факултет - Скопје на сметката на основен буџет за 2011 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

**1.2.** Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

**1.3.** Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Технолошко-металуршки факултет - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

**1.4.** Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф д-р Александар Димитров – декан од 01.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите

материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Технолошко-металуршкиот факултет - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата" ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на ТМФ, на ден 31 декември 2011 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. ТМФ не ги евидентирало навремено и соодветно настанатите обврски спрема добавувачите и не извршило целосен попис на средствата и изворите на

средствата со состојба на ден 31.12.2011 година. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на ТМФ, на ден 31 декември 2011 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.06.2012 година до 19.10.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 16.10.2012 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 30.10.2011 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

## 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на искажаните позиции во Билансот на состојба, поради следното:

- ТМФ нема воспоставена пракса на целосна евиденција на пристигнатите фактури од добавувачите, туку истите се евидентираат во сметководствената евиденција во моментот на нивното плакање. Не е извршен попис на вкупните обврски кон добавувачите за да се утврди фактичката состојба на ден 31.12.2011 година и не е извршено нивно усогласување со состојбата во сметководствента евиденција. Наведеното има за ефект нереално прикажување, односно потценување на позициите „Активни временски разграничувања“ и „Обврски спрема добавувачите“ за вредноста на неплатените фактури во вкупен износ од 6.904 илајди денари;
- Во сметководствената евиденција не е извршено евидентирање на службено возило набавено со финансиски лизинг на соодветната позиција - материјални средства во Билансот на состојба за износ на исплатените рати заклучно со 31.12.2011 година чија вредност изнесува 157 илјади денари;
- По изврешниот попис од страна на пописната комисија во пописните листи не е внесена сметководствената вредност и не се утврдени материјални разлики на средствата утврдени со физичкиот попис и сметководствената евиденција на ден 31 декември 2011 година. Од страна

на членовите на пописната комисија не е извршено потпишување на пописни листи што не е во согласност со член 31-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- Пресметката и утврдувањето на цената на чинење на набавената опрема, односно набавната вредност, не е извршена согласно Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, односно без да се вклучи платениот данок на додадена вредност во набавната вредност на опремата. Ваквото постапување доведува до нереално прикажување на вредноста на материјалните средства и неточно утврдување на основицата за пресметка на амортизација и ревалоризација на истите;
- При пресметката на ревалоризација не е извршено правилно преземање на искажаните основици од сметководствената евиденција на материјални средства што има за ефект помалку пресметана ревалоризација за набавната вредност на материјалните средства во износ од 2.051 илјади денари и помалку пресметана ревалоризација на исправката на вредноста за вкупен износ од 2.305 илјади денари.
- Не е извршено сметководствено евидентирање на книгите во библиотеката, ниту пак е извршен попис на истите, поради што книгите не се прикажани на соодветна позиција во Билансот на состојбата.

Наведеното не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници што има за ефект нереално прикажување на соодветните позиции во Билансот на состојба на ден 31 декември 2011 година.

**Препораки:**

- Согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ПМФ во иднина да обезбеди целосно евидентирање на пристигнатите а неплатени фактури, и истите да бидат прикажани во пописните листи од страна на пописната комисија.
- Да се изврши сметководствено евидентирање на соодветните позиции на вредноста на исплатените рати на набавеното службено возило со финансиски лизинг.

- Пописната комисија да изрши усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со попис.
- При утврдување на набавната цена на опремата да се земаат во предвид сите трошоци настанати при набавката вклучително и ддв.
- Да се изврши проценка на книжниот фонд на ТМФ и истиот да се заведе во сметководствената евиденција.

## 3.2. Користење на средства согласно законски прописи

**3.2.1.** Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на ТМФ за 2011 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност, рационално и ефикасно искористување на средствата како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 29 постапки за јавни набавки спроведени во 2011 година и тоа: 25 постапки за доделување договор за јавна набавка без објавување на оглас и 4 постапки со објавување на оглас во вкупен износ од 10.000 илјади денари. Ревидираните постапки изнесуваат 8.040 илјади денари што претставува 85% од вредноста на доделените договори за 2011 година.

Со ревизијата ги утврдивме следните слабости и неправилности:

- Кај постапката за доделување на договор за јавна набавка со објавување на оглас за реконструкција и адаптација на Анексот на ТМФ - деллива набавка, за која се исплатени 1.300 илјади денари извршен е избор на еден понудувач за сите позиции, кој според предвидениот критериум економски најповолна понуда согласно вкупниот број на бодови не е рангиран на прво место (за критериумите цена и рок на изведба на работите за поголем број позиции е рангиран под третото место, а за критериумот квалитет е рангиран со максимален број на бодови за сите позиции). Според образложението од одговорното лице избран е еден најповолен понудувач за сите позиции од причини што неговите мостри за позицијата браварски работи најмногу ги задоволувале барањата на факултетот а таа има најголемо учество во финансиската конструкција на потребни средства за реализација на целата набавка.

Имајќи ја предвид проценката за делливост на набавката, целокупната постапка и образложението за избор на еден најповолен понудувач, сметаме дека извршениот избор не е во согласност со член 161 од Законот за јавни набавки од аспект на примена на критериумот економски најповолна понуда.

- За поголем дел од постапките, Комисијата за јавни набавки нема изготвено ранг листи од извршената евалуација на понудувачите како составен дел на Извештајот и предлогот за избор.

- Спроведени се неколку набавки со барање за прибирање понуди без објавување на оглас со проценета вредност до 300 илјади денари кои не се планирани со Планот за јавни набавки за 2011 година (набавка и монтажа на ламинат, паркет, вариолајт и венецијанер ролетни во кабинетот и предавални, набавка на гориво за службено возило и транспорт, авионски превоз, увозно и извозно царинење на стока на ТМФ).

- Не е користена електронска аукција за доделување на договор за јавна набавка, која договорниот орган во најмалку 70% од бројот на објавените огласи за отворена постапка, за ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и за постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас е должен да ја користи од 1 јануари 2011година.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведувањето на постапките за јавни набавки може да имаат за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата.

**Препораки:**

- При проценка на потребата од делење на набавката, да се има предвид специфичноста на јавната набавка, како и функционалната и економската оправданост за делливост на набавката.
- Изборот на најповолен понудувач да се врши согласно предвидениот критериум во тендерската документација и огласот за доделување договор за јавна набавка.

- ТМФ да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе се овозможи фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 3.1.1. а кои се однесуваат на: неизвршено сметководствено евидентирање на обврските кон добавувачите, нецелосно евидентирање и утврдување на набавна цена на опремата, неизвршен правилен попис на состојбите на постојаните средства и на обврските и не утврдени материјални разлики, ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на Билансот на Состојба на ден 31 декември 2011 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1. ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на „ТМФ" - сметка на основен буџет на ден 31 декември 2011 година. Резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1. и 3.2.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на „ТМФ" - сметка на основен буџет на ден 31 декември 2011 година не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

ТМФ како единица во состав на УКИМ, согласно Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот, располага со свои сметки на кои се водат средствата обезбедени од Буџетот на РМ и средствата стекнати од други

извори на финансирање. Во располагањето со овие средства, факултетот во правниот промет настапува самостојно во свое име и за своја сметка, за што води посебно сметководство. Како единица во состав на УКИМ, ТМФ планирањето на потребните финансиски средства го врши преку изготвување на проектирани финансиски планови кои се составен дел на консолидираниот предлог финансиски план на Универзитетот за сите единици во негов состав, кој како единка корисник, го доставува на одобрување до МОН. По утврдување на максималниот износ на ододбрени средства од МОН, УКИМ донесува збирен годишен финансиски план по квартали кој не содржи преглед на одобрени средства по факултети. Поради тоа, кварталните планови за трошење на средствата, факултетите ги изготвуваат и доставуваат до УКИМ според проектирани финансиски планови за реализцаија на средствата. Со оглед дека овој финансиски план не содржи преглед на одобрени средства по факултети, ТМФ нема можност да изготви квартални планови за трошење на средствата според реално одобрени средства. Во пракса ТМФ ги планира своите активности согласно проектираните финансиски планови изготвени по квартали, чија што реализација повремено може да биде отежната доколку соодветни позиции од одобрениот финансиски план на УКИМ се веќе реализирани од другите единици.

Поради тоа сметаме дека е потребно, по донесување на годишниот финансискиот план на УКИМ согласно одобрениот Буџет, финансиската служба на униеверзитет во соработка со финансиските служби на единиците да ги утврдат нивните буџети по квартали со цел пореално да можат да ги планират и реализират своите активности во текот на годината.

Скопје, 17.12. 2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 48.617 | 63.374 |
| **Вкупно приходи** | **48.617** | **63.374** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 34.686 | 41.156 |
| Стоки и услуги | 12.266 | 15.001 |
| **Вкупно тековни расходи** | **46.952** | **56.157** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.665 | 7.217 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.665** | **7.217** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **48.617** | **63.374** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 2.844 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.844** | **0** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 137.249 | 117.237 |
| **Вкупно постојани средства** | **137.249** | **117.237** |
| **Вкупна актива** | **140.093** | **117.237** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.844 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.844** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 137.249 | 117.237 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **137.249** | **117.237** |
| **Вкупна пасива** | **140.093** | **117.237** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **117.237** | - | **117.237** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **30.616** | - | **30.616** |
| Набавки | 3.005 | - | **3.005** |
| Донации | 10.412 | | **10.412** |
| Ревалоризација на капитални | 17.199 | | **17.199** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **10.604** | - | **10.604** |
| Ревалоризација | 6.445 | | **6.445** |
| Амортизација | 4.159 | | **4.159** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **137.249** | - | **137.249** |